**2641.**

Врз основа на член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21 и 164/22), Владата на Репулбика Северна Македонија, на седницата одржана на 31 август 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството („Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр. 91/22 и 141/22) во дел I, став (2), во табелата во мерката 1 износот „160.000.000“ се заменува со износот „660.000.000“.

Во делот „Вкупно“ износот „400.000.000“ се заменува со износот „900.000.000“.

II

Во дел II став (1) во воведната реченица износот „160.000.000“ се заменува со износот „660.000.000“.

III

Во дел II став (1) во табелата под подмерката 1.1. се додава нова подмерка 1.2. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | Финансиска поддршка за произведено и извезено вино за период од 01.09.2021 година до 01.09.2022 година | 1. Корисници на оваа подмерка се регистрираните производители на вино во Регистарот на производители на вино кои во производната 2021/2022 година имаат произведено и извезено вино.<br><br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува:<br>- 2 денари по литар за наливно вино;<br>- 3 денари за стаклена амбалажа до 0.75л;<br>- 3 денари за bag in box и ПЕТ амбалажа со тежина од 2 до 10 литри и<br>- 4 денари за стаклена и ПЕТ амбалажа со тежина од 0,75 до 2 литри. |

“

IV

Во делот IV по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Финансиската поддршка од делот II став (1) подмерка 1.2. „Финансиска поддршка за произведено и извезено вино за период од 1.9.2021 година до 1.9.2022 година“ ќе се врши врз основа на доставени податоци за регистрираните производители на вино кои имаат произведено и извезено вино и тоа: назив, ЕДБС, трансакциона сметка, количина на извезено вино и видот на пакувањето, а кои од страна на Државниот инспекторат за земјоделство, најдоцна до 20 септември 2022 година се доставуваат до Агенцијата за финасиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).“

V

По делот V се додава нов дел „V-a“ кој гласи:

„Исплатата на средствата од подмерката 1.2. од дел II став (1) оваа програма се врши од страна Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата, најдоцна до 31 декември 2022 година.

Заостанатите обврски по поднесените барања за подмерката 1.1. од дел II став (1) од оваа програма и за подмерките 2.1, 2.2, 2.3. од дел III став (1) од оваа програма, се исплаќаат од Агенцијата, најдоцна до 31 декември 2022 година“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7515/1
31август2022година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.